Врз основа на член 18 став 1 алинеја 18, а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), член 8 став 1 алинеја 1 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр.136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 160/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14, 78/15, 192/15, 27/16 и 120/16), во врска со точка 5, потточка 5.1 од Договорот за услуга за изнајмување на простор за колокација на ИКТ опрема бр.3081/1 од 05.01.2016 година (наш бр.03-7180/1 од 28.12.2015 година), а согласно Заклучокот бр.02-3730/3 од 27.07.2016 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на седницата одржана на 27.07.2016 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Се дава одобрување на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за потпишување на нов Прилог А кон Договорот за услуга за изнајмување на простор за колокација на ИКТ опрема, бр.3081/1 од 05.01.2016 година (наш бр.03-7180/1 од 28.12.2015 година).

2. Со потпишувањето на новиот Прилог А престанува да важи претходно потпишаниот Прилог А кон Договорот за услугата за изнајмување на простор за колокација на ИКТ опрема бр.3081/1 од 05.01.2016 година (наш бр.03-7180/1 од 28.12.2015 година), при што со денот на неговото потпишување стапуваат во сила новодоговорените услови, а постојниот Прилог А, ќе престане да важи.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со Македонски Телеком АД за електронски комуникации – Скопје, има склучено Договор за изнајмување на простор за колокација на ИКТ опрема на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.3081/1 од 05.01.2016 година (наш бр.03-7180/1 од 28.12.2015 година), чии составни делови се: Прилог А кон Договор за услуга за изнајмување на простор за колокација на ИКТ опрема, Прилог Б кон Договорот за услуга за изнајмување на простор за колокација на ИКТ опрема Правила за користење на услуга и Прилог Д кон Договорот за услуга за изнајмување на простор за колокација на ИКТ опрема Одговорни лица на корисникот и операторот.

Во текот на примената на овој Договор, се наметна потреба за дополнување на Прилогот А кон Договорот за услуга за изнајмување на простор за колокација на ИКТ опрема. Имено, во постојниот Прилог А кон Договорот за услуга за изнајмување на простор за колокација на ИКТ опрема, треба да биде додаден нов став, кој ќе гласи: „Корисникот има право, за целите на мониторингот во локациите наведени во Прилогот А кон Договорот за услуга за изнајмување на простор за колокација на ИКТ опрема во точка 1 став 1 од овој Прилог, на операторите на јавна електронска комуникациска мрежа кои реемитуваат програмски сервиси во соодветниот регион согласно Правилникот за утврдување на локациите до кои операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои реемитуваат програмски сервиси и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање се должни да го испорачаат својот сигнал, да им овозможи влез во колокациската просторија и физички пристап до поставената информатичка и комуникациска опрема".

Согласно точка 5 од Договорот за изнајмување на простор за колокација на ИКТ опрема на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги – „ИЗМЕНИ НА ДОГОВОРОТ", потточка 5.1, наведено е дека *„5.1. Измените на утврдените услови во прилозите на овој договор ќе се утврдат со потпишување на нов прилог кон Договорот. Со потпишувањето на прилогот стапуваат во сила новодоговорените услови".*

Со оглед на тоа, се одлучи да се даде одобрување на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за потпишување на нов Прилог А кон Договорот за услуга за изнајмување на простор за колокација на ИКТ опрема бр.3081/1 од 05.01.2016 година (наш бр.03-7180/1 од 28.12.2015 година), при што со денот на неговото потпишување стапуваат во сила новодоговорените услови, а постојниот Прилог А, ќе престане да важи.

Следствено на горе наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 18, а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), член 8 став 1 алинеја 1 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр.136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 160/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14, 78/15, 192/15, 27/16 и 120/16), во врска со точка 5 потточка 5.1 од Договорот за услуга за изнајмување на простор за колокација на ИКТ опрема бр.3081/1 од 05.01.2016 година (наш бр.03-7180/1 од 28.12.2015 година), а согласно Заклучокот бр.02-3730/3 од 27.07.2016 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на седницата одржана на 27.07.2016 година донесе одлука како во диспозитивот. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Бр. 02-3806/1**

**27.07.2016 година**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

Примерок од Одлуката да се достави до:

- Директор, д-р Зоран Трајчевски;
- Сектор за информатичка поддршка и општи работи - архива